ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

## БРОЈ 08/24



12.04.2024 година

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСЛОВНИ ЗВАЊА ОД НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ „ДРУГО-БЕЗБЕДНОСТ„ (51610-Фраскатиева класификација) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДЕТЕКТИВИ И КРИМИНАЛИСТИКА ВО СОСТАВ НА ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за детективи и криминалистика во состав на Европски Универзитет Скопје, на 235-та седница, одржана на ден 09.04.2024 година, донесе Одлука за формирање на Рецензентска комисија избор на еден наставник во сите насловни звања од наставно-научна област: „Друго-Безбедност" (51610-Фраскатиева класификација) на Факултетот за детективи и криминалистика, во состав:

1. Вонреден професор д-р Александар Нацев – претседател;
2. Вонреден професор д-р Ице Илијевски – член;
3. Редовен професор д-р Злате Димовски – член.

По направената анализа на доставените материјали, Рецензентската комисија има чест до Наставно-научниот совет на Факултетот за детективи и криминалистика во состав на Европски Универзитет Скопје да го поднесе следниот:

## И З В Е Ш Т А Ј

По објавениот конкурс на ден 04.04.2024 година во дневниот весник „Вечер" за избор на наставник во сите насловни звања од наставно-научна област: „Друго-Безбедност" (51610-Фраскатиева класификација) на Факултетот за детективи и криминалистика во состав на Европски Универзитет Скопје, во предвидениот рок се пријави кандидатот **д-р Билјана Богданова-Смилевска**, доктор на науки од областа на безбедноста.

Врз основа на доставената Пријава бр. 03-400/1 од 05.04.2024 година и приложените документи: Професионална биографија - CV; Извод од матична книга на родените; Уверение за државјанство; Дипломи за стекнато образование (Диплома за научен степен доктор на науки од областа на безбедност; Одлука за одбранета докторска дисертација; Диплома од завршени последипломски студии; Диплома од завршени додипломски студии; Уверение од додипломски студии и Уверение од последипломски студии); Список на објавени научни и стручни трудови; по еден примерок од објавени 22 научни и стручни трудови (со организациски и програмски одбор и содржина) објавени во референтна научна публикација; Доказ за претходен избор во наставно-научно звање (Одлука Бр.02-709/1 од 27.09.2021 година); Докази за изведување на високообразовна дејност; Одлука за избор за член на Универзитетски сенат на ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ Скопје (Одлука Бр.02-1083/1 од 19.11.2021 година); Сертификати за познавање на странски јазик (англиски и германски јазик) - 9 сертификати; Сертификати за владеење на компјутерски вештини - 2 сертификати; Сертификати од учество на Меѓународни научни конференции, објавени трудови и проекти-14 сертификати; Сертификати од реализирани обуки, курсеви, работилници, тркалезни маси-14 сертификати; Сертификати за оддржани предавања од областа на безбедноста-8 сертификати; Одлука за избор на Претседател на Здружение на граѓани-3 документи; Сертификати од областа на спортот-ракомет-11 сертификати и Препораки од претходни соработници-7 препораки, Рецензентската комисија го констатира следното:

### I.-Подобност на кандидатот

Кандидатот д-р Билјана Богданова-Смилевска ги исполнува условите предвидени со Законот за високо образование, бидејќи:

-ги исполнува критериумите за избор за наставник во наставно-научно звање;

-има стекнато научен степен доктор на науки од наведената област;

-има објавено научни трудови и публикации соодветно звањето во кое се врши избор;

-има способност за изведување на високообразовна дејност.

## II. Биографски податоци за кандидатот

**Д-р Билјана Богданова-Смилевска** е родена на 07.02.1986 година во Штип. Студиите ги започнала на Факултетот за безбедност–Скопје на 01.10.2004 година, а дипломирала на Факултетот за безбедност–Скопје на 01.07.2008 година, со просечен успех од 9.75 и се стекнала со стручен назив дипломиран криминалист–безбедносна насока. На последипломски студии се запишала на 28.11.2008 година на Факултетот за безбедност и детективи–Скопје при Првиот приватен универзитет ФОН и магистрирала на 22.06.2011 година, со просечен успех од 9.88 и успешно одбранета магистерска теза со наслов „Методика на откривање на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога" и се стекнала со научен степен магистер на науки од областа на безбедносните науки. На 01.12.2011 година пријавила докторат на Факултетот за безбедност – Скопје, а на 20.11.2017 година ја одбранила докторската дисертација под наслов „Ефикасноста на органите на кривичниот прогон во спречување, откривање, разјаснување и докажување на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога", при што се стекнала со научен степен доктор на науки од областа на безбедноста.

## III. Работно искуство

Во периодот од 03.11.2008-03.11.2009 година, д-р Билјана Богданова-Смилевска била ангажирана како Застапник за осигурување во Евроинс Осигурување АД Скопје со работни задачи: комуникација со клиенти и изготвување на осигурители полиси.

Од 10.05.2012 година до 30.04.2016 година работела како Асистент во Канцеларија за комуникација со граѓани на пратениците од Охрид во рамки на Институт за парламентарна демократија (ИПД)-Скопје при Собранието на Република Македонија и во текот на работниот ангажман посетила бројни обуки, работилници и тркалезни маси од областа на парламентарната демократија, основи на комуникација со граѓани, социјалните медиуми и електронски алатки во поддршка на комуникација со граѓани, зајакнување на учеството на граѓанските организации во законодавниот процес, подобрување на работата на пратеничките групи итн.

Во периодот од 08.04.2016 година до 11.11.2017 година, д-р Билјана Богданова-Смилевска била вработена како Помлад соработник за заштита – пожари и осигурување во ЈП Градски Пазар-Охрид, при што учествувала на обуки и работилници за безбедност и здравје при работа и се стекнала со познавања и од областа на противпожарната заштита.

Во периодот од 24.08.2020 година до 24.11.2021 година, д-р Билјана Богданова-Смилевска е вработена како административен работник во приватна компанија МЕБО 2012 ДООЕЛ Охрид, каде ги извршување следните админстративни задачи: изготвување на извештаи за тековно работење и расходи, работа со клиенти, наплата, водење на евиденции за финансиска состојба.

Во периодот од 01.10.2021 година до 24.02.2022 година, д-р Билјана Богданова-Смилевска работела како универзитетски професор и во учебната 2021/2021 во зимскиот семестар одржувала предавања по предметите: Кризен менаџмент, Систем за управување со кризи и заштита и спасување и Меѓународни организации и безбедност на прв циклус студии и Меѓународни организации и безбедност на втор циклус студии. Покрај наведените предмети, ги спроведувала испитите по предметите: Детективски менаџмент и Безбедносен менаџмент. На 18.11.2021 година била избрана за член на Универзитетскиот сенат на Европски Универзитет-Скопје како претставник од Факултетот за детективи и криминалистика.

Во периодот од 25.02.2022 година до денес, д-р Билјана Богданова-Смилевска е вработена во општина Охрид на работно место-Виш соработник за подготвување документација за заштита и спасување, управување со кризи и одбрана и ги извршува следните работни задачи: континуирано следење и спроведување на законските прописи од областа на локалната самоуправа, одбраната, заштитата и спасувањето и управувањето со кризи; подготовка на план за заштита и спасување од природни непогоди и др.несреќи на

подрачјето на општина Охрид; ја изготвува проценката на загрозеност од ризици и опасности на локално ниво; го изготвува предлогот за висината на средствата од буџетот од општината потребни за заштита и спасување и надомест на штети од природни непогоди и др.несреќи; учествува во работата на општинскиот кризен штаб, го изготвува годишниот план за ризици од корупција. Исто така е секретар на Локалниот совет за превенција, овластено лице за пријавување на нерегуларности и неправилности и овластено лице од општина Охрид за електронско внесување на именувани/избрани лица во системот на Државна комисија за спречување на корупција.

Од 15.02.2023 година д-р Билјана Богданова-Смилевска е избрана за претседател на Општинскиот совет за превенција на малолетничко претстапништво на општина Охрид.

Д-р Билјана Богданова-Смилевска е основач на Здружение на граѓани-Ракометен клуб Лихнид 2012-Охрид, основан во декември 2012 година и е ангажирана како лиценциран ракометен тренер од 01.02.2013 година до денес, а од 21.07.2015 година е и Претседател на Ракометниот клуб Лихнид 2012-Охрид. Во улога на ракометен тренер, како дел од Ракометниот клуб Лихнид 2012-Охрид учествува на меѓународни турнири и активно партиципира во националниот систем на натпреварувања во младинските лиги на Република Македонија организирани од Ракометната Федерација на Македонија и континуирано посетува семинари и обуки од областа на ракометот.

Во периодот од 2015 година до денес, д-р Билјана Богданова-Смилевска остварува активна соработка со Истражувачки центар за безбедност, одбрана и мир-ICBOM и Здружение за поттикнување, промоција, развој и едукација-Невладина организација „ЛЕТОПИСИ"-Охрид, одржувајќи бројни предавања од областа на безбедноста. Како претставник на Истражувачки центар за безбедност, одбрана и мир-ICBOM.

Д-р Билјана Богданова-Смилевска учествувала на меѓународни проекти, меѓу кои и Еразмус + проект „Lie to me" кој се реализирал во Софија, Бугарија во периодот 11-19.07.2021 година, при што кандидатката се стекнала со знаења и вештини од областа на медиумската писменост, безбедна навигација на инернет, препознавање на лажни вести и сл.

Во периодот од 2022 година до денес д-р Билјана Богданова-Смилевска остварува активна соработка со Конфедерацијата на слободни синдикати, оддржувајќи бројни предавања од областа на трудовото право, синдикално лидерство, социјален дијалог, комуникација и социјални медиуми.

Во текот на нејзиниот горенаведен работен ангажман, д-р Билјана Богданова-Смилевска реализирала и покажала забележителни активности, одговорна, лојална и успешна соработка, навремено и одговорно извршување на работните задачи, за што сведочат приложените позитивни препораки од претходните соработници.

**IV. Учество на конференции и семинари**

Кандидатот д-р Билјана Богданова-Смилевска пројавила значителна активност и на планот на научната, стручната и апликативната дејност, манифестирана преку учество на бројни меѓународни научно-стручни конференции, обуки, семинари и стручни расправи во земјата и во странство, заради едукативна наобразба со фокусираност на истражувањата во областа на безбедносните науки.

**Од учествата на меѓународни конференции и школи од областа на безбедноста, како позначајни се издвојуваат:**

- 25.06-02.07.2013 година- учесник на Летна школа за зависности во Охрид, организирана од ХОПС-Опции за здрав живот-Скопје;
- 24/25.10.2014 година-учесник со научен труд на Меѓународна научна конференција "Criminalistic education, situation ad perspectives-20 years after Vodinelic"- Факултет за безбедност-Скопје

- 15-17.12.2017 година-учесник со научен труд на XV-th Jubilee International Scientific Conference „KNOWLEDGE IN PRACTICE", Bansko- Bulgaria, Institute of Knowledge Menagment-Skopje;
- 16-18.03.2018 година-учесник со научен труд на XVI-th International Scientific Conference „KNOWLEDGE WITHOUT BORDERS", Врњачка Бања-Србија, Institute of Knowledge Menagment-Skopje;
- 11-12.05.2018 година-учесник со научен труд-International Scientific Conference TOWARDS A BETTER FUTURE: THE RULE OF LAW, DEMOCRACY AND POLYCENTRIC DEVELOPMENT, Law faculty, "St. Kliment Ohridski" University – Bitola;
- 19.05.2018 година-учесник со научен труд- The Fifth International Scientific Conference „Scientific Challenges for Sustainable Development"-International University od Struga;
- 04-06.06.2018 година-учесник со научен труд-9th International Scientific Conference titled "SECURITY SYSTEM REFORMS AS PRECONDITION FOR EUROATLANTIC INTEGRATIONS" –Ohrid, organized by the Faculty of Security –Skopje;
- 06.-07.09.2018 година-учесник со научен труд-5th Internaional Scientific Conference „Social changes in the global world", Faculty of Law, Goce Delchev University in Shtip;
- 14-16.12.2018година-учесник со научен труд-19th International Scientific Conference „Knowledge in Practice", Bansko-Bulgaria, Institute of Knowledge Menagment-Skopje;
- 13-15.12.2019- International Scientific Conference „Knowledge in Practice", Bansko-Bulgaria;
- -27-29.03.2020 - 24th International Scientific Conference KNOWLEDGE WITHOUT BORDERS, Vrnjacka Banja, Serbia
- -11.07.2020-International Scientific Conference „Scientific Challenges for Sustainable Development-SCfSD20'', International University of Struga
- 13-15.09.2021- INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE" 30 YEARS OF INDEPENDENT MACEDONIAN STATE"-Ohrid, Faculty of security-Skopje, University "St.Kliment Ohridski"-Bitola
- 23.09.2022-Дванаесетта меѓународна научна конференција „НАУКАТА И УМЕТНОСТА ВО ФУНКЦИЈА НА ОДРЖЛИВО ОПШТЕСТВО", Европски Универзитет, Скопје
- 26.05.2023-Tenth International Scientific Conference , „Scientific Challenges for Sustainable Development-SCfSD23'' Struga
- 22.09.2023 -13-та Меѓународна научна конференција „Ново време, нови вредности во науката и општеството" Европски Универзитет – Скопје

**Од учествата на работилници, обуки, тркалезни маси, проекти и други научно-стручни активности како најзначајни се издвојуваат**:

- 2004-2005 година- спроведено Истражување на тема:„Злоупотребата на марихуаната во средните училишта во Скопје", спроведено од страна на студентите на Полициска Академија-Скопје
- 17.02.2012-09.03.2012година–завршен Курс по претприемништво-Охрид (ИПА проект) и Агенција за вработување на РМ;
- 31.05.2012 година-тркалезна маса на тема „Дискриминација, состојба и предизвици"-Битола, Институт за парламентарна демократија, НДИ, Институт за човекови права, Битола
- 29.06.2012 година-обука на тема „Основи во комуникација со граѓани"-Скопје (Институт за парламентарна демократија)
- 12.07.2012 година-обука на тема „Социјалните медиуми и електронски алатки во поддршка на комуникација со граѓани"-Охрид во организација на Институт за парламентарна демократија (ИПД)-Скопје

- 18.10.2012 година-регионален форум на тема „Подобрување на меѓуетничкиот дијалог и работата на КОМЗ“ во рамки на проектот „Зајакнување на учеството на граѓанските организации во законодавниот процес“-Струга, ИПД, Граѓанска коалиција за поддршка, промоција и афирмација на Комисиите за одмоси меѓу заедниците „За соживот“.
- 01.12.2012 година-обука на тема „Зајакнување на работата на пратеничката група-имплементирање на Деловникот за работа во секојдневната пракса“-Скопје, Фондација Конрад Аденауер
- 21.12.2012 година-Финална Конференција на Парламентарната мрежа за комуникација со граѓани (ПМКГ) „ВАШ ПРАТЕНИК –ПОБЛИСКУ ОД КОГА И ДА Е“-Скопје, Институт за парламентарна демократија
- 28.02.2013 година-Обука „Фер избори 2013“ за потпишување на Кодекс на однесување за слободни,фер и демократски избори-Скопје, Институт за парламентарна демократија
- 25.04.2013 година-учество во проект „Улогата на хеликоптерската единица за полициски намени во безбедносниот систем на Република Македонија“-Идризово, Скопје;
- 22.02.2014 година-обука „Заштита од злоупотреба на социјалните мрежи“, Културно-едукативен центар „Vortex Art“-Скопје;
- 17-19.03.2015 година-Меѓународна напредно-истражувачка работилница на тема „Encouraging Cyber Defence Awareness in the Balkans“-Скопје;
- 2015 година-учество во проект „Влијанието на безбедносната култура кај младите во локалната заедница“-Струмица;
- 2017-2019 година-учество во Меѓународен проект на тема „EU Youth Power“-Истражувачки центар за безбедност, одбрана и мир-ICBOM;
- 28-29.04.2017 година-Работилница за безбедност и здравје при работа во Охрид, Здружение за заштита при работа на Општина Битола;
- 23.06.2017 година-Обука од областа на безбедност при работа-Еко Контрол ДОО Охрид, Охрид;
- 28.07.2017 година- успешно завршен Курс за ракување со различни видови на ПП апарати и нивна употреба-Ватекс Дооел Охрид, Охрид;
- 21.01.2018 година-training course of ADVANCED BODY LANGUAGE as commendation for exemplary performance-European institute of Management, Law and Diplomacy and International Slavic University Gavrilo Romanovic Derzavin-Bitola;
- 26.09.2018 година- training course of MOTIVATION as commendation for exemplary performance-European institute of Management, Law and Diplomacy;
- 18.02.2021-Обука/дискусија на тема: Препознавање и проверка на дезинформации и Сајбер безбедност-социјален инженеринг, дел од локалните акциони планови од проектот „ Media literacy acceleration project”, Иницијатива за сајбер и корпоративна безбедност и кризен менаџмент,Скопје
- 11-19.07.2021-Erasmus+ project „Lie to me”-Sofia, Bulgaria
- 30.09.2022-Настан „Цивилната заштита помеѓу институциите и граѓаните”, Дирекција за заштита и спасување, Скопје
- 17-19.10.2022-Работилница за поддршка на бегалци и баратели на азил во РМ, Црвен Крст на РМ, Центар на Црвен крст „Солферино”-Струга
- 19.10.2022-Работилница „Перспективи за подобрување на управувањето со ризици од поплави во Македонија”, Министерство за животна средина и просторно планирање, Швајцарска Влада, УНДП, Битола
- 11/12.11.2022-Тренинг работилница на тема: Безбедност и здравје при работа за работниците во Македонија, КСС, Охрид

- 14.11.2022-Конститутивна седница на Совет за безбедност и здравје при работа при КСС, Конфедерација на слободни синдикати на Македонија, Скопје
- 18.05.2022-Работилница „Полиција во заедницата:локални дијалози, Евротинк-Центар за европски стратегии, Охрид
- 10./11.03.2023-Обука/тренинг работилница за членовите на Советот за безбедност и здравје при КСС, Конфедерација на слободни синдикати на Македонија, Охрид
- 19/20.04.2023-Тренинг работилница од областа на безбедност и здравје при работа, Конфедерација на слободни синдикати на Македонија, Струга
- 19.05.2023-Обука за прва помош на работно место и ракување со дефибрилатор, Црвен Крст-Охрид, Општина Охрид
- 22-23.05.2023-Обука за заштита и спасување на раководниот и командниот кадар на Просторните сили за заштита и спасување на општина Охрид, Дирекција за заштита и спасување, Охрид
- 30.05.2023-Конференција „Промовирање на дијалогот за подобрување на работните услови, безбедноста и здравјето при работа", Конфедерација на слободни синдикати на Македонија, Скопје
- 09-11.06.2023-Синдикална школа на САДУ, Конфедерација на слободни синдикати на Македонија, Охрид
- 10.10.2023- во тек-Академија за дигитален маркетинг, Сеавус
- 19-21.10.2023-Синдикална школа на КСС за синдикално лидерство-Прв модул, Конфедерација на слободни синдикати на Македонија, Solidarity Center, Охрид
- 13-14.11.2023-Обука за дискриминација и еднаквост, национални и меѓународни механизми за заштита за заштита од дискиминација во рамки на проектот „Зајакнување на владеење на правото и човековите права во Македонија",
- ОБСЕ, Центар за управување со промени, Министерство за труд и социјална политика, Тетово
- 14-16.11.2023-Синдикална школа на КСС „Синдикална азбука"за систем на работни односи, колективно преговарање и законски прописи од трудова област -Втор модул, Конфедерација на слободни синдикати на Македонија, Solidarity Center, Охрид
- 01-03.12.2023-Синдикална школа на КСС „Синдикална азбука"за синдикално лидерство и синдикално организирање, социјален дијалог и комуникациски вештини-Трет модул, Конфедерација на слободни синдикати на Македонија, Solidarity Center, Охрид
- 15.12.2023-Обука за заштита од пожари, евакуација и спасување, Технички институт Македонија-Неготино, Охрид
- 27.02.2024-Регионален настан „Дијалози за работата на полицијата во заедницата во југозападниот плански регион"-Евротинк-Центар за европски стратегии, Охрид
- 03-05.03.2024- Академија за лидерство на КСС, Конфедерација на слободни синдикати на Македонија, Solidarity Center, Охрид
- 25.03.-27.03.2024-Академија за лидерство на КСС, Конфедерација на слободни синдикати на Македонија, Solidarity Center, Охрид

**Во соработка со Истражувачки центар за безбедност, одбрана и мир-ICBOM и Здружение за поттикнување, промоција, развој и едукација-Невладина организација „ЛЕТОПИСИ"-Охрид, д-р Билјана Богданова-Смилевска одржала бројни предавања од областа на безбедноста**:

- 19.12.2015 година-оддржано предавање на тема „Влијанието на безбедносната култура кај младите во локалната заедница"-ИСТРАЖУВАЧКИ ЦЕНТАР ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР-ICBOM

- 14.10.2018 година- оддржано на предавање на тема „Превенција од злоупотреба на дрога кај младите"-Здружение за поттикнување, промоција, развој и едукација-Невладина организација „ЛЕТОПИСИ"-Охрид;
- 11.11.2018 година- оддржано на предавање на тема „Жената-жртва на семејно насилство"-Здружение за поттикнување, промоција, развој и едукација-Невладина организација „ЛЕТОПИСИ"-Охрид;
- 09.12.2018 година-оддржано на предавање на тема „Реинтеграција на зависниците од дрога во социјалната средина"-Здружение за поттикнување, промоција, развој и едукација-Невладина организација „ЛЕТОПИСИ"-Охрид;
- 17.03.2019 година-оддржано на предавање на тема „Социјалните мрежи-безбедносен ризик за најмладите"-Здружение за поттикнување, промоција, развој и едукација-Невладина организација „ЛЕТОПИСИ"-Охрид;
- 21.04.2019 година- оддржано на предавање на тема „Криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога-најголема закана на денешницата"-Здружение за поттикнување, промоција, развој и едукација-Невладина организација „ЛЕТОПИСИ"-Охрид;
- 19.05.2019 година- оддржано на предавање на тема „Довербата во полицијата-енигма или парадокс"-Здружение за поттикнување, промоција, развој и едукација-Невладина организација „ЛЕТОПИСИ"-Охрид;
- 06.09.2019 година-оддржано предавање на тема „Социјалните мрежи-потенцијална закана за безбедноста на младите"- ИСТРАЖУВАЧКИ ЦЕНТАР ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР-ICBOM

**Во соработка со Конфедерација на слободни синдикати на Македонија, д-р Билјана Богданова-Смилевска одржала бројни предавања на теми од различни области**:

- 03.03.-05.03.2024-оддржани предавања на теми „Синдикално лидерство", „Комуникација и социјални медиуми во промоција на синдикатот", „Колективно преговарање и договори (репрезентативност и социјален дијалог) "-Академија за лидерство на КСС, Конфедерација на слободни синдикати на Македонија, Solidarity Center, Охрид
- 25.03.-27.03.2024-оддржани предавања на теми „Синдикално лидерство", „Комуникација и социјални медиуми во промоција на синдикатот", „Колективно преговарање и договори (репрезентативност и социјален дијалог) "-Академија за лидерство на КСС, Конфедерација на слободни синдикати на Македонија, Solidarity Center, Охрид

**Од областа на спортската дејност, д-р Билјана Богданова-Смилевска ги посетила следниве семинари, обуки и модули:**

- 15/16.06.2013-Прв семинар на Здружение на ракометни тренери на Македонија-Скопје;
- 16/17.08.2013- Втор семинар на Здружение на ракометни тренери на Македонија-Струга;
- 2013/2014 натпреварувачка сезона-освоено Прво место во Прва Лига-Жени (сениорки)-Ракометна Федерација на Македонија;
- 27/29.10.2014-Прв дел од Модул 1 за едукација на тренери во организација на Здружение на ракометни тренери на Македонија-Дојран;
- 07/08.12.2014- Втор дел од Модул 1 за едукација на тренери во организација на Здружение на ракометни тренери на Македонија-Скопје;
- 07/08.04.2015-Прв Семинар за ракометни тренери во млади категории-Скопје;
- 11/12.06.2016-Семинар на ракометни тренери „Охрид 2016";

- 03-05.09.2016-Прв дел од Модул 2 за едукација на тренери во организација на Здружение на ракометни тренери на Македонија-Дојран;
- 23.09.2016-„Sport Administrators Course”-International Olympic Committee, Olympic Solidarity and National Olympic Committee od Macedonia-Ohrid;
- 2016/2017-Освоено трето место во Кадетска женска конкуренција;
- 10-11.06.2017-Семинар за ракометни тренери „Охрид 2017“-Ракометна Федерација на Македонија, Здружение на ракометни тренери;
- 09-11.02.2018 -Втор дел- Модул 2 за едукација на тренери во организација на Здружение на ракометни тренери на Македонија и Ракометна Федерација на Македонија-Дојран;
- 15-16.06.2019-Семинар за ракометни тренери „Охрид 2019”, РФМ,ЗРТМ, Охрид
- 22.08.2020- Семинар за ракометни тренери „Охрид 2020”, РФМ,ЗРТМ, Охрид
- 28/29.08.2021- Семинар за ракометни тренери 2021, РФМ,ЗРТМ, zoom online, Скопје
- 18/19.06.2022- Семинар за ракометни тренери „Охрид 2022”, РФМ,ЗРТМ, Охрид
- 17.06.2023- Семинар за ракометни тренери „Охрид 2023”, РФМ,ЗРТМ, Охрид

**V. Објавени научни и стручни трудови**

Д-р Билјана Богданова-Смилевска во научната област партиципира со одбранетата докторска и магистерска теза, а покажала значаен интерес во научно-истражувачката дејност, при што има објавено 21 научни и стручни трудови од кои 9 самостојно и 12 во коавторство. 12 од трудовите се презентирани на меѓународни научни конференции во Република Македонија, Република Србија, Црна Гора и Република Бугарија и се објавени во меѓународни тематски зборници кои произлегле од нив, 3 трудови се објавени во меѓународни годишници и 6 трудови во меѓународни специјализирани научно-стручни списанија. Кандидатот во трудовите, разработува и презентира безбедносни, криминалистичко-правни и социјални аспекти на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога, вклучувајќи ја и превенција од злоупотребата на дрога. Ги разработува појавните облици на компјутерскиот криминал, радикализацијата, како и аспекти на превентивната дипломатија, безбедност во сообраќајот и други проблематики од областа на безбедноста, систем за заштита и спасување, управување со кризи, заштита од пожари, како и прашања од областа на семејно-наследните односи.

Во продолжение ќе биде даден краток приказ на објавените научни и стручни трудови на кандидатот:

- Казниви дела поврзани со злоупотреба на дрога во Република Македонија-Меѓународен годишник на Факултет за безбедност, Скопје 2012, стр.227-239

*Предмет на овој труд се казниви дела поврзани со злоупотреба на дрога во Република Македонија по чл.215 и чл.216 од Кривичниот Законик на Република Македонија, сторени во периодот 2001-2010 година на територијата на Република Македонија. Во трудот од повеќе аспекти (криминалистички, криминолошки, правен и социјален) се дефинира криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога, наркокриминалот, со посебен акцент на нарко-криминалот во Република Македонија и запленетата количина на дрога на територијата на Република Македонија во периодот 2001-2010година. Детално се објаснете и анализирани појавните облици на казнивите дела поврзани со злоупотреба на дрога.*

- Special investigave measures-an important conspiratorial instrument to suppress drug crime-Меѓународна научна конференција “Criminalistic education, situation ad perspectives-20 years after Vodinelic”-Меѓународен годишник на Факултетот за безбедност 2016/2, Скопје, стр.44-51

*Предмет на овој труд се специјалните истражни мерки како најважен конспиративен инструментариум за сузбивање на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога. Во трудот се објаснети специфичностите во откривањето на криминалитетот поврзан со*

*злоупотреба на дрога, укажувајќи на нужноста од примена на специјални истражни мерки во откривање на организираните форми на овој вид на криминалитет. Посебен акцент е ставен на посебните исражни мерки, при тоа повикувајќи се на Законот за кривична постапка, опфаќајќи ја глава 19, односно членовите 252 до чл.271. Во трудот детално се објаснети посебните мерки кои најчесто се употребувани против организираните форми на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога (контролирана испорака, симулиран откуп, тајно следење, набљудување и аудио-визуелно снимање на лица и предмети) и начините на нивна примена во пракса.*

- The role of the law enforcement agencies in the prevention, detection, classification and proving of the crimes connected with drug abuse (Улогата на органите на кривичниот прогон во спречување, откривање, разјаснување и докажување на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога) - Годишник (YEARBOOK) 2017 на Правен факултет-Универзитет „Гоце Делчев"-Штип-седми број

*Во овој труд е даден осврт на активностите на органите на кривичниот прогон во спречување, откривање, разјаснување на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога. Оваа дејност, заедно со процесот на разјаснување и докажување, ја вршат органите на кривичниот прогон:Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство заедно со правосудната полиција и Царинската управа. Постојат и други посредни органи, главно инспекциски кои се надлежни во борбата против овие видови на кривични дела. За таа цел, главно, преку анализата на надлежностите на овие државни органи, како и преку годишните публикации на Државниот завод за статистика кои се однесуваат на пријавени, обвинети и осудени сторители на кривични дела е направен сумарен табеларен приказ за десетгодишниот истражуван временски период (2006-2015 година) за да се утврди филтрацијата на овие кривични дела низ призмата на органите за кривичен прогон.*

- Ways of finding out about existence of criminality related to drug abuse (Начини на дознавање за постоење на криминалитетот поврза со злоупотреба на дрога) - KNOWLEDGE in Practise, International Journal, Vol.20.3, ISSN 2545-4439, ISSN 1857-923X, Institute of Knowledge Menagment, Skopje 2017

*Предмет на трудот е откривачкиот процес на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога кој започнува со начините за дознавање за постоење на овој вид на криминалитет. Најчести начини на дознавање за постоење на кривичните дела поврзани со злоупотреба со дрога се: соработка со граѓани, пријава од претпријатија и установи, пријава од сведок, пријава од инспекциски и други служби, кривична пријава од органите за внатрешни работи, анонимна и псевдонимна пријава, самопријава, јавно озборување, дознавање од весници и други мас–медиуми, користење на легални извори, информатори, полициски инфилтратори, непосредно забележување на органите за внатрешни работи при вршење оперативна контрола, свеж чин, при преземање на оперативно-тактички мерки и истражни дејствија и други начини, при што во трудот детално се обработени врз основа на прачтични искуства.*

- Biological expertise in blood traces (Биолошко вештачење на траги од крв)

коавтор со Васе Русоманов, KNOWLEDGE International Journal, Vol.22.3, ISSN 2545-4439, ISSN 1857-923X, Institute of Knowledge Menagment,Skopje 2018, стр.767-772

*Предмет на обработка на трудот е експертизата на траги од крв како најзначајна алатка за докажување на крвните деликти, како и условите и околностите под кои се изведува, специјализираната опрема, прибор, уреди и помошни средства кои се применуваат. Во трудот детално е разработена криминалистичко-техничката обработка на лице место на траги од крв и криминалистичко толкување на трагите од крв, кои претходат на вештачењето на трагите од крв. Во трудот се опфатени фазите на вештачење на траги од крв: прелиминарно испитување на траги од крв, испитување на староста на трагите од крв и одредување на идентификационите карактеристики на трагите од крв со посебен акцент на веројатните и потврдните идентификациони тестови.*

- Criminal legal determination of drug abuse in the Republic of Macedonia (Кривично-правна одреденост на злоупотребата на дрога во Република Македонија) -Student's Social Science Journal, Правен факултет-Универзитет„ Гоце Делчев"-Штип-четврти број, 2018, стр.11-22

*Во овој труд се дава осврт на кривично-правната регулатива што ја третира злоупотребата на дрога во Република Македонија. Преку анализата на статистичките податоци добиени од Годишните публикации на Државниот завод за статистика кои се однесуваат на пријавени, обвинети и осудени сторители на кривични дела, се прикажани сумарни табели за десетгодишниот истражуван временски период (2006-2015 година) за да се утврди филтрацијата на овие кривични дела низ призмата на органите за кривичен прогон. Целта на трудот е да го прикаже дали правната регулатива за злоупотребата на дрога во Република Македонија соодветствува со заканите на овој вид на криминалитет. Во трудот е даден и критички осврт на Националната стратегија за droги на Република Македонија.*

- Practical problems and solutions for drug abuse in the Republic of Macedonia коавтор со Vase Rusumanov, International Scientific Conference „TOWARDS A BETTER FUTURE: THE RULE OF LAW, DEMOCRACY AND POLYCENTRIC DEVELOPMENT", Conference Proceedings, Volume II, Law faculty, "St. Kliment Ohridski" University – Bitola, 2018, ISBN 978-608-4670-01-8 (V.2), стр.210-219

*Преку овој труд се нагласуваат актуелните проблеми поврзани со злоупотребата на дрога како социо-патолошка појава, но и како криминалитет поврзан со злоупотреба на дрога. Првично е даден осврт на кривично-правната детерминираност на злоупотребата на дрога, опфаќајќи ги сите законски акти кои ја регулираат оваа проблематика, укажувјќи на нужноста од измени поради појава на нови видови на дрога и неопходноста од поголема контрола. За остварување на целите на трудот е спроведено итервју со експерти кои секојдневно се соочуваат со криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога и врз основа на добиените резултат се детектирани најчестите проблеми кои се случуваат во пракса. Како најчести проблеми и недостатоци се издвојуваат: лимитиран број на Центрите за зависници, контрадикторности по чл.215 од Кривичниот Законик на Република Македонија, недоволна стручна подготвеност на експертите што води кон пропусти во истрагата, политичкото влијание во вработувањето на полициски кадри, казнената политика не соодвествува со тежината на кривичните дела по чл.215, зачестеноста на нови видови droги итн. Во трудот се посочени конкретни солуции и препораки со цел надминување на недостатоците и пропустите.*

- Drug trafficking threat assessment on the Balkan region, Меѓународна научна конференција Реформи на безбедносниот систем како предуслов за Евро-Атлански интеграции, Том 2, Охрид, Faculty of Security –Skopje, ISBN 978-608-4828-36-5 (T.2), Скопје 2018, стр.273-282

*Во овој труд се потенцирани производството и трговијата со дрога како најголема закана за безбедноста на Балканскиот регион. Посебен акцент е ставен на нарко-криминалот во Балканскиот регион и нарко-криминалот во Република Македонија. Преку анализа на Извештаи на СЕЛЕК за периодот 2014-2016 година дадени се заклучни согледувања за трендот на нарко-криминалот, рутите и начини на шверцување на дрога, со посебен акент на организираните групи на Балканскиот регион кои освен со трговија со дрога, се занимаваат и со други форми на криминал. Организираните криминални групи се координирани на целиот Балкански регион, имаат развиено широка соработничка мрежа, современи седства за комуникација и транспорт и изнаоѓаат нови начини на шверцување на дрогата. Во трудот се прикажани детални табеларни податоци за откриените организирани криминални групи по националност, по начин на шверцување, како и видот и количината на запленетата дрога. Иако Република Македонија е транзитно подрачје, сепак значителна количина на дрога останува и на нашите нарко-пазари.*

- Емпириско-статистички преглед на малолетните сторители на кривичните дела против здравјето на луѓето (Empirical-statistical review of juvenile crime against human health) коавтор со Васе Русуманов-Book of Proceedings SCfSD2018, june 2018, ISBN 978-608, стр.602

*Предмет на интерес на овој трудот се пријавените, обвинетите и осудените малолетните сторители на кривичните дела против здравјето на луѓето, при што во трудот е прикажан детален емпириско-статистички и компаративен преглед на малолетните сторители на сторителите на кривичните дела против здравјето на луѓето кој го опфаќа периодот од 2006 до 2015 година. Врз основа на достапни официјални податоци од Државниот завод за статистика на Република Македонија преку статистичкиот, компаративниот и аналитичко-синтетичкиот метод се истражени различни аспекти на кривичните дела против здравјето на луѓето, каде како сторители се јавуваат малолетните лица, при што врз основа на различни критериуми, како што се: видот на одлуката, траење на постапката, кривичните санкции, припадноста кон етничката заедница, школската подготовка и др. се извлечени релевантни заклучоци за малолетните сторители на овој вид кривични дела. Преку квантитативен аналитичко-синтетски преглед и критички осврт на резултатите од спроведеното истражување е утврден профилот на малолетните сторители на кривичните дела против здравјето на луѓето.*

*Апстрактот за овој труд е објавен во (Книга на апстракти) Abstract-Empirical-statistical review of juvenile crime against human health, (Емпириско-статистички преглед на малолетните сторители на кривичните дела против здравјето на луѓето, Book of abstracts SCfSD '18 Scientific Challenges for Sustainable Development, ISBN 978-608-4573-30-2, Struga, 19 Мај 2018

- Indicators and process of radicalization (Индикатори и процес на радикализација) коавтор со Vase Rusumanov, Општествените промени во глобалниот свет, Зборник на трудови, Штип, 2018, ISBN 978-608-244-548-9, стр.153

*Предмет на научното објаснување на овој труд се индикаторите и процесот на радикализаија. Напредокот на технологијата и модерниот животен стил им овозможуваат на терористичките групи да изнајдат различни начини на радикализација на нови членови кои би ги прифатиле нивните идеи и цели во насока на извршување на терористички акти. Особено важно за полициските службеници е будно следење и рана детекција на секоја промена во нивното опкружување, средината и лицата кои често гравитират во различни области. Навременото воочување на промени и индикатори кај одредени лица или групи може да допринесе до откривање и престанок на одредена фаза од процесот на радикализација и со тоа елиминарање на можноста од извршување на терористички акт. Во трудот од повеќе аспекти е дефиниран поимот радикализација и се разработени повеќе модели на процесот на радикализација со сите фази, факторите кои влијаат на процесот на радикализација, места на радикализација (верски институции, затвори, образовни институции, интернет) со посебен акцент на индикаторите за процесот на радикализација. Во трудот е даден критички осврт на Националната стратегија на Република Македонија за превенција од екстремистичко насилство (2018-2020 година).*

- Стратешко-програмски модел на мерки и активности за превенција од злоупотреба на дрога- New Balkan Challenges, Policy Paper number 1, year 1, септември 2018, ISSN 2545-4862, Center for Internacional and Development Studies-Skopje, стр.58

*Предмет на интерес на овој труд е превенцијата од злоупотреба на дрога, при што е предложен стратешко-програмски модел на мерки и активности за превенција од злоупотреба на дрога. Овој модел опфаќа превентивни активности насочени кон ранливите групи и потенцијалните жртви од злоупотребата на дрога, консуматорите на дрога, со посебен акцент на програмите за намалување на штети. Посебен сегмент во*

*превентивниот модел е грижата за децата кои консумираат дрога посочувајќи мерки и активности за избегнување на рецидивизмот. Превенцијата од злоупотребата на дрога бара сериозен мултидисципиниран пристап и планско и координирано постапување на сите општествени чинители на општествениот живот со цел спречување, намалување, контрола и ефикасна борба против злоупотребата на дрогата.*

- Challenges and the appearance of the computer as a tool and an object of criminal attack, коавтор со Vase Rusumanov и Aleksandar Gjurcheski-Journal of European&Balkan Perspectives, vol.1, no. 1, ISSN 2545-4854 Center for Internacional and Development Studies-Skopje, 2018, стр.53

*Предмет на интерес на овој труд е проучувањето на компјутерот како средство за извршување на кривични дела, објект врз кој се врши кривичното дело, но и како средство за водење на посебни истраги и преземање на оперативно-тактички мерки и процесни дејствија со помош на него, заради обезбедување на доказен материјал и нивна презентација пред судските органи со цел санкционирање на сторителите на компјутерските кривични дела. Во трудот од повеќе аспекти е дефиниран поимот на компјутерски криминал и детално се образложените појавнте облици на компјутерскиот криминал, вклучувајќи ги материјалните одредби за кривичните дела од областа на компјутерскиот криминал во Република Македонија. Посебен акцент е ставен на примената на компјутерот во криминалистичкото работење, односно компјутерските системи се користат за тајна опсервација (електронско следење), поставување на технички и електронски стапици, водење на електронски криминалистички евиденции, водење на полициски бази со ДНК, биометриски методи за идентификација на лица, особено користењето на АФИС (automated fingerprint identification system), потраги преку електронските медиуми, растер потрага, профилирање преку ViCLAS системот, географско профилирање со примена на географски информациски систем – gis технологија и особено значајна е и примената во форензиката.*

- The role of UNPREDEP in the Republic of Macedonia (Улогата на УНПРЕДЕП во Република Македонија) коавтор со м-р Јулијана Јовановска, KNOWLEDGE – International Journal Scientific Papers Vol. 28.6., ISSN 1857- 923X (for e-version), ISSN 2545 – 4439 (for printed version), Institute of Knowledge Menagment-Skopje, декември 2018, стр.1905

*Предмет на интерес на овој труд е улогата на УНПРЕДЕП во Република Македонија. Целокупната работа на ОН се заснова врз превенцијата и истата промовира механизми и инструменти за зачувување на мирот. Воспоставување на една превентивна мисија е далеку поисплатливо од преземање на други постконфликтни мерки. Вистинското значење на превенцијата се гледа токму во овој сегмент. Република Македонија имаше потреба од превентивна мисија на нејзината територија. Воспоставувањето на мисијата на УНПРЕДЕП се покажа како добар пример за спречување на ширењето на конфликтот од север и може да послужи како модел за идни превентивни мисии. Придобивките од една превентивна мисија можат да бидат големи, како за државата-домаќин, така и за соседните држави. Периодот во кој е присутна една превентивна мисија треба да биде целосно искористен за развој на државата и регионот каде што е воспоставена, да го зачува и зацврсти мирот и безбедноста и да понуди помош во различни сегменти, особено ако станува збор за млада држава, како што беше Република Македонија во моментот на стационирањето на силите на ОН во неа.*

- International cooperation -a necessity in the fight against drug crime (Меѓународната соработка-неопходност во борба против нарко-криминалот) -, KNOWLEDGE – International Journal Vol.35.5 ISSN 1857- 923X (for e-version), ISSN 2545 – 4439 (for printed version), Institute of Knowledge Menagment-Skopje, 2019, стр.1945

*Во овој труд предмет на интерес е меѓународната соработка во борба против нарко-криминалот. Нарко-криминалитетот не познава граници, се протега низ целиот*

*свет, „здружен“ со корупцијата и перењето пари се заканува врз безбедноста на сите држави во светот. Борбата против криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога е макотрпна. Сите држави во светот, меѓународни тела и организации секојдневно ја водат оваа битка донесувајќи најразлични конвенции, стратегии и други акти со кои би се контролирал овој криминалитет. Република Македонија исто така е дел од оваа заедничка борба на светот против нарко-криминалитетот. Таа е потписничка на бројни програми, конвенции и стратегии за борба против овој вид на криминалитет со надеж за спречување на оваа појава. Меѓународната соработка е неопходна за да одговори на меѓународниот криминалитет и за остварување на оваа цел облигаторно е да се спомене улогата на следниве меѓународни организации: Интерпол, Треви-група за борба против меѓународниот тероризам, радикализам и екстремизам, Европол, Европравда, Секи-Регионален центар за борба против прекуграничниот криминал, Пактот за стабилност на Југоисточна Европа, Шенгенскиот договор и Конвенцијата за имплементација на шенгенскиот договор. Овие меѓународни организации имаат значајна улога во борбата против транснационалниот криминал преку меѓусебна систематска соработка, подигнување на свеста на државите за меѓународна безбедност и заедничка соработка, промовирајќи доверба, комуникација и професионално партнерство помеѓу странските колеги што е детално обработено во трудот.*

- Man as a factor of traffic safety, коавтор со Александар Ѓурчески, -KNOWLEDGE -International Journal Scientific Papers Vol.38.5, March 2020, ISSN 1857-923X ( for e-version), ISSN 2545-4439 (for printed version), p.g, 1219-1228ISSN 1857-923X ( for e-version), ISSN 2545-4439 (for printed version), p.g, 1219-1228

*Предмет на интерес на овој труд е безбедноста во сообраќајот и човекот како важен фактор во безбедноста на сообраќајот. Сообраќајот како дисциплина која опфаќа пренос на луѓе, стоки и информации од едно место на друго и која е застапена уште од создавањето на првите човекови населби, односно облици на организирање на човекот, имал големо значење за него и за целото човеково егзистирање. И како што човековото егзистирање се развивало и преминувало од една епоха во друга, така и сообраќајот се развивал и станувал неизоставен дел од секојдневието на поединецот. Па така, како тој станувал сѐ посекојдневна работа, растел и бројот на сообраќајните средства кои ги користел човекот што довело до пробел за кој морало да се најде решение, а тоа била безбедноста во сообраќајот. Па за да го реши овој проблем човекот започнал да ги проучува и истражува факторите од кои зависела безбедноста во сообраќајот. Секоја држава треба што повеќе да вложува средства и напори во развојот на основните фактори, имено, таа треба да вложува во што подобра обука и образование на директните учесници во сообраќајот, односно на луѓето, во подобрување на животниот стандард на населението што директно е поврзано со еден друг фактор, а тоа е возилото, што значи доколку населението има подобар стандард, тоа ќе набавува подобри и побезбедни возила и со тоа директно ќе се влијае на подобрување на безбедноста во сообраќајот. Со директните вложувања во овие фактори на безбедност во сообраќајот, државата покрај тоа што директно вложува во сообраќајот, таа вложува и во развојот на целото општество и во иднината на нејзините граѓани, како и во нејзината евро-атланска иднина, односно во нејзиниот целокупен развој. Со подобрување на сообраќајот се подобрува целата економска клима во една држава, односно се привлекуваат повеќе странски инвестиции, се привлекуваат повеќе туристи, т.е. преку развојот на сообраќајот индиректно се развива и туризмот, а со него се подобрува и целата економска состојба на државата и се овозможува општествена благосостојба. Кога граѓаните се задоволни, ќе бидат мотивирани подобро да работат за интересите на својата земја и да обезбедат постабилна иднина како за нив, така и за целата држава.*

- Карактеристики на извршителите на криминалитетот поврзан со злоотреба на дрога, коавтор со Александар Ѓурчески, Book od Proceedings SCfSD20

International Scientific Conference „Scientific Challenges for Sustainable Development-SCfSD20'', International University of Struga, Struga, 11 juli 2020, ISBN 978-608-4573-37-1, str. 202

*Предмет на интерес на овој труд се карактеристиките на извршителите на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога. Во трудот од криминалистички аспект е даден осврт на делинквентската тактика на сторителите на овој криминалитет, вклучувајќи ги сите скалила, од нарко-крималците, дилерите па сè до уживателите на дрога, кои се наоѓаат на последното скалило. Криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога не познава граници, располага со висока мрежна организациска поставеност и распространетост ширум светот. Тој вклучува различни профили на луѓе во зависност од улогата и задачите што ги имаат како дел од од пирамидата на криминалитетот поврзан со злоупотреба на дрога. Колку што е долг патот на дрогата од произвоството до крајната дестинација, исто толку многу учесници со различни профили се инволвирани. Врз основа на искуствата на стручни лица кои биле во непосреден контакт со овој вид на криминалитет и врз основа на статистистички податоци во овој труд ќе се елаборираат криминолошките и криминалистичките карактеристики на извршителителите на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога.*

- Legalization of cannabis production for medical purposes in Macedonia-Implication for legal amendments (positive vs negative effects)-Ivica Simonovski, Biljana Bogdanova-Smilevska,- INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE" 30 YEARS OF INDEPENDENT MACEDONIAN STATE"-Ohrid, Faculty of security-Skopje, University "St.Kliment Ohridski"-Bitola, Security Horizons 2021 Volume II, NO.4, ISSN 2671-3624, p.g. 201-210

*Предмет на интерес на овој труд се измените на Законот за контрола на наркотични дроги и психотропни супстанции од март 2016 година, со кој се дава можност Македонија да се приклучи кон земјите кои овозможуваат одгледување и извоз на медицински канабис. Како резултат на тоа, во последните пет години беше легално одгледувањето на канабис за медицински цели и за рафинирање, екстракција и производство на семе од коноп и канабис нафта. Со оглед на моменталната економска неисплатливост на производството на канабис, пред сè поради високите трошоците за производство и неизвесниот пазар, многу компании не работат, т.е. чекаат законски промени кои ќе им овозможат извоз на суви цветови канабис. Целта на овој труд е да се одговори на следните хипотези: (1) Дали неможноста да се постигне потребниот квалитет на канабисот подразбира нов нацрт Закон за контрола на наркотични дроги и психотропни супстанции? (2) Кои се позитивните наспроти негативните импликации во однос на правните промени? (3) Утврдување на безбедносните импликации, имајќи предвид дека Македонија е транзитна точка на рутата за шверц на марихуана од Албанија и Косово до Турција, каде што се заменува со хероин, кој подоцна се продава на Балканот и Западна Европа. (4) Дали Владата може да воспостави ефикасен систем на контрола? За целите од овој труд е извршена и анализа на примарната и секундарната литература, како и интервјуа со релевантните засегнати страни.*

- Подобрување на системот за управување со кризи на Република македонија при справување со пожари на отворен простор, ИДЕЈА Меѓународно списание за наука и уметност, Год.6, Бр.12, Скопје, 2022, ISSN:2545-4552(Print), ISSN:2545-4560 (Online), str.101-109

*Предмет на интерес на овој труд се пожарите на отворен простор, кои во летниот период претставуваат најголема закана за животот, здравјето, безбедноста и сигурноста на граѓаните на Република Македонија, како и најголема опасност за растителниот и животинскиот свет, а истовремено предизвик на системот за управување со кризи. Пожарите на отворен простор претставуваат сериозен проблем кој бара мултидисциплинарен пристап и координирана соработка на сите надлежни институции, на што укажува фактот дека заради пожарите на отворен простор во 2000, 2007, 2017 и*

*2021 година беше прогласена кризна состојба и беше причинета огромна штета. Целта на овој труд е преку компаративна анализа на пожарите на отворен простор кои се случиле на територијата на Република Македонија во изминатиот период и досегашното искуство во справување со истите да се укаже на пропустите и недостатоците на надлежните институции, да се утврдат најчестите причини за појава на пожари, да се утврдат критични точки, ресурсите со кои располагаме на национално и локално ниво. Исто така трудот дава јасни препораки и конструктивни предлози за подобрување на системот за управување со кризи при справување со пожари на отворен простор.*

- Historical development of family and inheritance law in the Republic of Macedonia-Nikola Coboski, Biljana Bogdanova-Smilevska, Book of proceedings, SCfSC'23, Tenth International Scientific Conference, Struga, May 26th,2023, ISBN-978-608-4573-46-3, p.g 195-206

*Предмет на овој труд е историскиот развој на македонското семејно и наследно право од повоениот период до денес. Македонското наследно-правно и семејно законодавство од неговото воспоставување, па сè до денес, нема претрпено поголеми значајни промени и реформи. Законодавецот во голема мера во новите законски прописи ги презеде старите решанија со кои се уредуваа наследно-правните и семејно-правните односи. Од друга страна, по осамостојувањето на Република Македонија настанаа исклучително значајни промени во општествениот, правниот и политичкиот систем. Најголемата реформа во македонското граѓанско право започна со донесување на Одлуката на Владата на Република Македонија за формирање на Комисија за изготвување на Граѓански законик на Република Македонија. Потребата од промени на регулативата од областа на наследното право, во најголем дел предизвикана од промените во семејството и семејните односи. Јазот помеѓу регулативата и практиката, предизвикан од нејасните законски решенија и самиот наследно-правен систем во Република Македонија, кој нема претрпено некои позначајни промени во изминатите седум децении, дополнително ја предизвика потребата од реформи. Законодавецот не може да ги предвиди сите животни ситуации кои се јавуваат кај оставинските постапки. Со овие дилеми и предизвици се соочуваат судиите, нотарите како повереници на судот, адвокатите, извршителите, како и граѓаните при остварувањето на своите наследни права. Од особено значење за досегашното регулирање на наследно-правните односи е судската пракса, која со правилна примена и толкување придонесува за остварување на правдата и правната сигурност. При изработката на овој труд се користени повеќе научно-истражувачки методи: индуктивно-дедуктивен метод: за анализа на проблематика од општо кон посебно и обратно од посебно кон општо, што подразбира разгледување на законската регулатива и нејзиното спроведување во пракса, како и идентификување на проблемите кои постојат во пракса и потребата за регулирање во правните прописи; аналитичко-синтетички метод: за анализа на процесите, стандардите и актуелната состојба во наследното и семејното право, како и предизвиците, проблемите и слабостите кои постојат, со цел да се синтетизираат сите тие во генерални воопштени заклучоци и да се извлечат конкретни предлози и препораки за нивно надминување; правно-аналитички метод: за појаснување на постојните правни прописи во областа на семејното, наследното право, заради идентификување на нивните слабости и недоречености; историски метод: ќе биде појаснета еволуцијата на прописите во оваа област; компаративен метод: ќе послужи за една компаративна анализа на прописите од овие области од повоениот период до денес. Целта на овој труд е утврдување на реформите кои се воведуваат во македонскиот наследно-правен и семејно-правен систем (de lege ferenda). Потребата од реформи на постојните законски решенија (de lege lata) во сферата на семејното и наследното право е несомнена. Ваквата реформа е предизвикана од правните празнини кои ги има во законската регулатива како и усогасувањето со Европското законодавство.*

*Апстрактот за овој труд е објавен во Книга на апстракти)-Historical development of family and inheritance law in the Republic of Macedonia-Abstract, Nikola Coboski, Biljana

Bogdanova-Smilevska, Book of abstracts, SCfSC’23, Tenth International Scientific Conference, Struga, May 26th,2023, ISBN-978-608-4573-46-3, p.g 44-45

- Современи тенденции во уредувањето на наследните односи во Република Македонија (Conteporary tendencies in the regulation of inheritance relations in the Republic of Macedonia), Никола Цобоски, Билјана Богданова-Смилевска, UDC: 347.65/.68.047(497.7), IDEA International Journal od Science and Arts (ИДЕЈА Меѓународно списание за наука и уметност), Год.7 бр.13, Скопје, 2023, ISSN:2545-4552(Print), ISSN:2545-4560 (Online), str.95-104

Предмет на интерес на овој труд се реформите во наследното право. Во последниве децении се случија големи промени во брачните и семејните односи кои неизбежно влијаат и врз наследувањето, поради тесната врска што постои помеѓу семејното и наследното право. Голем недостаток на постојниот Закон за наследување е што содржи голем број правни празнини, кои создаваат проблеми во практиката, што доведува до правна несигурност во сферата на наследувањето. Ваквата правна несигурност произлегува од фактот што многу правни институти во македонскиот Закон за наследување воопшто не се уредени, а освен тоа постојат и институти кои се нецелосно или несоодветно регулирани, што доведува до различна примена на наследно-правната регулатива во практиката. Целта на овој труд е да се прикажат реформите во наследното право преку користење на аналитичко-синтетичкиот метод, компаративниот метод со што ќе се анализираат сите институти кои претставуваат новина во наследното право.

- Подготвеноста на системот за заштита и спасување за управување со кризи и заштита на пожари, стручен труд-Билјана Богданова-Смилевска, Никола Цобоски, UDC: 614.84:005.334(497.7), International Journal of Science and Arts - “IDEA”, IDEA Int. J. Sci. Arts. 7(2023)14: 113-122, , ИДЕЈА Меѓународно списание за наука и уметност, Год.7, Бр.14, Скопје, 2023, ISSN:2545-4552(Print), ISSN:2545-4560 (Online), str.113-122

*Предмет на интерес на овој труд е подготвеноста на системот за заштита и спасување за управување со кризи и заштита на пожари во нашата држава. Преку анализа на законската и подзаконската регулатива за заштита и спасување и управување со кризи, компаративна и статистичка анализа на опожарена површина и дрвна маса во настанатите шумски пожари, во периодот 2019-2022 година, како и анализа на надлежностите и активностите на сите институции кои се вклучени во системот за заштита и спасување да се утврди подготвеноста или неподготвеноста на системот за заштита и спасување во Македонија. Целта на трудот е преку добиените резултати од горенаведените анализи да се утврдат правните празнини и недостатоци во законската и подзаконската регулатива, да се утврди дали постои координација и институционална соработка на сите чинители на системот за заштита и спасување, колку Македонија располага со обучени и опремени кадри да дејствува превентивно и да управува со кризи и справување со пожари. Крајната цел на трудот е да се направи проценка на расположливиот потенцијал на системот за заштита и спасување на нашата држава и да се дадат јасни препораки за отстранување на сите недостатоци и да се преложат конструктивни мерки за подобрување на работата и подготвеноста на секој учесник во системот за заштита и спасување на Македонија.*

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на погоре наведеното, од приложената пријава со соодветната документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот **д-р Билјана Богданова-Смилевска** во целост ги исполнува условите предвидени во Законот за високото образование за избор на наставник во сите насловни звања од наставно-научна област: „Друго-Безбедност” (51610-Фраскатиева класификација).

Рецензентската комисија констатира дека д-р Билјана Богданова-Смилевска, успешно го изработила и одбранила докторскиот труд на тема „Ефикасноста на органите на кривичниот прогон во спречување, откривање, разјаснување и докажување на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога“ на Факултетот за безбедност-Скопје, што претставува самостоен научен труд. Истата, во изминатиот период пројавила мошне забележителен интерес и активност во сферата на наставно-образовната дејност, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност, научно-стручната работа, учеството на научно-стручни конференции во Република Македонија и странство, како и учество во организирање и реализирање на активности во рамките на институциите каде го стекнала претходното работно искуство. Преку тоа покажува способност за научна, истражувачка и апликативно-применувачка активност. Исто така, работното искуство како универзитетски професор и приложените докази за доверена настава по повеќе предмети на Факултетот за детективи и криминалистика во рамки на Европскиот Универзитет Скопје е во прилог на докажување на способноста за изведување на високообразовна дејност. Притоа, д-р Билјана Богданова-Смилевска покажала голема трудољубивост, колегијалност и упорност, а се истакнувала со инвентивноста, креативноста и целосната подготвеност за извршување на сите работни задачи и обврски. Впрочем, за тоа се потврда и научно-стручните трудови кои кандидатот самостојно и коавторски ги напишала и презентирала на конференции и собири од меѓународен карактер во земјава и странство, како и големиот број на сертификати и признанија за досегашната дејност во научно-истражувачката и образовната област и стручно-апликативната дејност.

Комисијата оценува дека се работи за квалитетен и перспективен кандидат и едногласно, со особено задоволство има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за детективи и криминалистика во состав на Европски Универзитет Скопје да го прифати овој реферат и **кандидатот д-р Билјана Богданова-Смилевска да ја избере во насловно звање ДОЦЕНТ од наставно-научна област: „Друго-Безбедност” (51610-Фраскатиева класификација).**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

1. **вон. проф. д-р Александар Нацев, претседател**

_______________________________

2. **вон. проф. д-р Ице Илијевски, член**

_______________________________

3. **ред. проф. д-р Злате Димовски, член**

_______________________________